Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1801/1
15-09-2026 год.
Скопје

ИНТЕРЕН ОГЛАС (1) ЗА ДЕМОНСТРАТОР ВО УЧЕБНАТА 2026/2027

Врз основа на член 110 и 163 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 53 од Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори (Универзитетски гласник бр.411/2018 година), како и врз основа на Одлуката за утврдување на потреба од демонстратор во учебната 2026/2027 и формирање комисија за избор донесена на XIX редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 9.9.2026 г., Деканот на Филозофски факултет во Скопје објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за демонстратори во учебната 2026/2027 на Филозофскиот факултет во Скопје**

1. Филозофскиот факултет во Скопје објавува интерен оглас за ангажирање на демонстратори во учебната 2026/2027 и тоа:

| Институт | Предмет | потребен број за ангажирање | Комисија |
|---|---|---|---|
| **Институт за безбедност одбрана и мир** | - Зимски семестар: **Вовед во безбедноста** (код: Б1/101-3/23; ПКБ 1/101-3/23, задолжителен предмет, I семестар, фонд на часови 3+1), **Вовед во криминалистика** (код: Б3/517-3/23; ПКБ 3/515-3/22, задолжителен предмет, V семестар, фонд на часови 3+1), **Организиран криминал и корупција** (код: Б2-308-И/23; ПКБ 4/713-И/22, изборен предмет, III семестар, фонд на часови 2+2).<br>-Летен семестар: **Глобални безбедносни закани** (код: Б2/415-3/23, задолжителен предмет, IV семестар, фонд на часови 3+1), **Глобален тероризам** (код: Б2-413-И/23, изборен предмет, IV семестар, фонд на часови 2+2). (реалоизатор: проф. д-р Тања Милошевска) | 1 демонстратор | -проф. д-р Тања Милошевска<br>-проф. д-р Оливер Бакрески<br>-проф. д-р Зорица Салтировска |
| | - Зимски семестар: **Основи на безбедносен менаџмент** (код: Б2-413/3/23, III семестар, фонд на часови 3+1), **Контрола на безбедносен сектор** (код: Б3/520-3/23, О3/512-3/23 | 1 демонстратор | -проф. д-р Оливер Бакрески<br>-проф. д-р Тања Милошевска<br>-проф. д-р Сергеј Цветковски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | задолжителен предмет, V семестар, фонд на часови 3+1), **Приватна безбедност** (код: Б2/309/И-23, изборен предмет во III семестар, фонд на часови 2+2) и код: ПКБ3023/18, задолжителен предмет, III семестар, фонд на часови 3+1); **Корпоративна безбедност** (код: ПКБ5013/18 задолжителен предмет, фонд на часови 3+1 и Б3/515-И/23, изборен предмет, V семестар, фонд на часови 2+2).<br>-Летен семестар: **Безбедносни системи** (код: Б1/205-3/23, задолжителен предмет, II семестар, фонд на часови 3+2), **Демократија и безбедност** (код: МИС5601, изборен предмет, VI семестар, фонд на часови 3+1), **Планирање, програмирање и буџетирање** (код: 02/410-3/23 задолжителен предмет, IV семестар, фонд на часови 3+1). (реализатор: проф. д-р Оливер Бакрески)<br>-----------------------------------------------------------<br>- Зимски семестар: **Меѓународна безбедност** (код: Б2-310/3/23, III семестар, фонд на часови 3+1), **Вовед во правото и безбедноста** (код: ПКБ1/103-3/22, I семестар, фонд на часови 3+1).<br>- Летен семестар: **Меѓународно хуманитарно право** (код: О4/719-3/23, VII семестар, фонд на часови 3+1), **Меѓународни организации** ( код: Б2-410/И/23 IV семестар, фонд на часови 2+1) и код: МИС3/604-И/22 VI семестар, фонд на часови 2+1). (реализатор: проф. д-р Рина Киркова Танеска) | -------------<br>1 демонстратор | -------------------------<br>-проф. д-р Рина Киркова Танеска<br>-проф. д-р Сергеј Цветковски<br>-доц. д-р Александар Павлески |
| **Институт за социологија** | - **Социолошки теории 1**, III семестар, фонд 2+2;<br>**Социолошки теории 2**, IV семестар, фонд 2+2;<br>**Социологија на етничките групи**, IV семестар, фонд 2+2;<br>**Социологија на спортот**, VII семестар, фонд 2+2;<br>(реализатор: проф. д-р Константин Миноски)<br>--------------------------------------------------------------- | 1 демонстратор<br>------------- | -проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова<br>-проф. д-р Константин Миноски<br>-проф. д-р Ило Трајковски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - **Социологија на образованието**, II семестар, фонд 3+1;<br>**Социологија на општествени девијации**, V семестар, фонд 3+1. (Реализатор: проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова) | 1 демонстратор | |
| **<u>Институт за психологија</u>** | - **Психолошко тестирање**, задолжителен предмет во зимски семестар<br>- **Квалитативни методи на истражување**, задолжителен предмет во летен семестар (реализатор: проф. д-р Николина Кениг)<br>------------------------------<br>- **Еволуциска психологија**, задолжителен предмет во летен семестар (реализатор проф. д-р Огнен Спасовски) | 1 Демонстратор<br>------------<br>1 Демонстратор | -проф. д-р Николина Кениг<br>-проф. д-р Билјана Блажевска Стоилковска<br>-проф. д-р Калина Сотироска Иваноска<br>--------------------<br>-проф. д-р Огнен Спасовски<br>-проф. д-р Ана Фрицханд<br>-проф. д-р р Маја Корубин Ќорлука |
| **<u>Институт за педагогија</u>** | - **Методологија на педагошки истражувања** (ПЕ3/515-3/23) во V семестар (зимски), задолжителен, со фонд на часови 3+2,<br>- **Статистика во педагогијата** (ПЕ3/518-3/23) во V семестар (зимски), задолжителен, со фонд на часови 3+2,<br>-**Техники на педагошки истражувања** (ПЕ3/622-3/23) во VI семестар (летен), задолжителен, со фонд на часови 3+2,<br>- **Академско говорење и пишување** (СРСП1/207-3/23) во II семестар (летен), задолжителен, со фонд на часови 2+2. (реализатор: проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска)<br>------------------------------<br>- **Историја на педагошки идеи**, со код ПЕ1/102-3/23, фонд од 3+2 часа во I семестар;<br>- **Компаративна педагогија**, со код ПЕ4/725-3/23, фонд од 3+1 часа во VII семестар; | 1 Демонстратор<br>------------<br>1 Демонстратор | -проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска<br>-проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска<br>-проф. д-р Вера Стојановска<br>--------------------<br>- проф. д-р Сузана Миовска Спасева<br>-проф. д-р Анета Баракоска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - **Национална историја на педагогијата**, со код ПЕ1/205-3/23, фонд од 3+2 часа во II семестар;<br>- **Социјална педагогија**, со код ПЕ4/730-И/23, фонд од 2+1 часа во VII семестар и Социјална педагогија со код СРСП4/725-3/23, со фонд од 2+2 во VII семестар. (реализатор: проф. д-р Сузана Миовска Спасева) | | -проф. д-р Борче Костов |
| **Институт за семејни студии** | - **„Специјална едукација и рехабилитација“** (КОД:СС1/104-3/23) задолжителен предмет во I зимски семестар<br>- **„Семејството и менталното здравје“** (КОД:СС3/621-3/23) задолжителен предмет во VI летен семестар<br>(Реализатор: проф. д-р Ангелка Кескинова) | 1 Демонстратор | -проф. д-р Ангелка Кескинова<br>- проф. д-р Македонка Радуловиќ<br>- проф. д-р Ирена Авировиќ Бундалеска |
| **Институт за родови студии** | -Вовед во родови студии, зимски семестар, код РС1/101-3/22, со 1 час вежби;<br>-Методологија на родовите истражувања, летен семестар, код РС1/206-3/22, со 2 часа вежби (реализатор: проф. д-р Боби Бадаревски) | 1 Демонстратор | -проф. д-р Боби Бадаревски<br>- доц. д-р Стефан Васев<br>- проф. д-р Ирена Авировиќ Бундалеска |
| **Институт за социјална работа и социјална политика** | ·Управно право и управна постапка, зимски семестар (2 часа вежби)<br>·Семејно право, летен семестар, (2 часа вежби) (реализатор: Проф. д-р Наташа Богоевска)<br><br>·Социјални проблеми, зимски семестар (2 часа вежби)<br>·Социјална работа со семејство, летен семестар, (2 часа вежби) (реализатор: Проф. д-р Сузана Борнарова)<br>------------------------------------<br>·Социјална политика, зимски семестар (1 час вежби)<br>·Компаративна социјална политика, зимски семестар (1 час вежби)<br>·Социјално осигурување, летен семестар, (1 час вежби)<br>·Социјална политика на ЕУ, летен семестар, (1 час вежби) (реализатор: проф. д-р Маја Геровска Митев) | 1 Демонстратор<br>------------<br>1 Демонстратор | - Проф. д-р Наташа Богоевска<br>- Проф. д-р Сузана Борнарова<br>- Проф. д-р Владимир Илиевски<br>--------------------<br>-Проф. д-р Маја Геровска Митев<br>-Проф. д-р Светлана Трбојевиќ<br>-Проф. д-р Сузана Борнарова |

2. Демонстраторот потребно е да ги исполнува следните **услови:**

- **Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.**
- **За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).**

3. Кандидатите ги приложуваат следните **документи** за докажување на исполнувањето на условите:

1) **Пријава во која задолжително наведуваат лични податоци и податоци за контакт, како и за која студиска програма и предмети се пријавуваат од овој оглас**
2) **Потврда од Студентски прашања дека е дека е студент на втор или трет циклус на студии**
3) **Копија од Уверение за завршени прв циклус студии (додипломски студии) и Диплома (доколку во моментот на аплицирање му е издадена)**

Со самото поднесување на пријавата кандидатите под материјална и кривична одговорност гарантираат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

4. Рокот за поднесување на пријавата заедно со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web-страната и огласната табла на Филозофскиот факултет во Скопје, односно **до 21.09.2026 година.**

5. Заинтересираните кандидати поднесуваат пријава и докази за податоците содржани во пријавата **преку Архивата на Филозофскиот факултет во Скопје** во предвидениот рок за пријавување во работните денови до 14:00 часот.

6. Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на Филозофскиот факултет - Скопје.

7. Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма.
Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

**Напомена:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

ДЕКАН
на Филозофски факултет во Скопје

---

проф. д-р Оливер Бакрески